


БИЛТЕН

БРОЈ 03/26

04.06.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНА ОБЛАСТ „МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС"

(5.02.00.03) - ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА

НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

ПРИ ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден: 18.05.2026 година, за избор на наставник во сите наставно - научни звања од научната област „Менаџмент и бизнис" (5.02.00.03 - Фраскатиева класификација), Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Европски универзитет Скопје, на 373-та седница, одржана на ден: 26.05.2026 година, донесе Одлука бр.02-406/2 за формирање Рецензиона комисија во состав:

- Професор д-р Елизабета Стамевска - претседател;
- Професор д-р Снежана Христова - член;
- Доцент д-р Ивона Милева - член.

По направената анализа на доставените документи Рецензионата комисија го поднесува следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно - научнио звања од научната област: „Менаџмент и бизнис" (5.02.00.03 – Фраскатиева класификација) на Факултетот за економски науки, во предвидениот рок **се пријави само кандидатот д-р Берат Дехари.**

Врз основ на доставената Пријава бр.03-387/1 од 20.05.2026 година и приложените документи:

- Професионална биографија - CV,
- Диплома за стекнат степен доктор на науки во соодветната област,
- Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите,
- Доказ за познавање на странски јазик,
- Друга документација (потврди, сертификати, решенија).

Рецензионата комисија го констатира следното:

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ:

Берат Дехари е роден на ден 03.01.1982 година во Гостивар, Република Македонија.

Основно образование има завршено во Гостивар, а средното образование го завршува во училиштето „Моша Пијаде". Високото образование го продолжува во 2001 година на Универзитет на Југоисточна Европа, на Правниот факултет, на насока: Кривично право. Во 2005 година дипломира и се стекнува со назив Дипломиран правник, со просек 8,46. Постдипломски студии запишува во 2012 година на Меѓународен Универзитет во Струга, на Факултетот за правни науки и се стекнува со звање Магистер по правни науки во 2015 година, со просек 8,48.

Докторски студии запишува на Универзитет Американ Колец, каде во 2020 година се стекнува со научно звање: Доктор на науки по Бизнис администрација.

Д-р Берат Дехари, покрај албанскиот и македонскиот јазик, зборува уште неколку други јазици: англиски, германски, српски и турски јазик.

2. РАБОТНО ИСКУСТВО:

- **2023 - денес:** Насловен доцент по предметите: Маркетинг менаџмент; Менаџмент на мал бизнис и Лидерство на Факултетот за економски науки, Европски Универзитет Скопје;
- **01.2025 - 01. 2026:** Предавач од научно поле Економија и бизнис и Бизнис администрација, Висока стручна школа „Хајделберг Факултет, Скопје;
- **2022 - 2026:** Претседател на Надзорен одбор на Macedonian-American Alumni Association, во два мандата;
- **Ноември 2019 - 2023:** Заменик генерален директор во Јавно Претпријатие „Национални Шуми" на РС Македонија;
- **Септември 2015 - Октомври 2019:** Заменик - генерален директор во Управа за финансиска полиција (втор мандат), Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Управа за финансиска полиција;

- **Септември 2011 - Септември 2015:** Заменик - генерален директор во Управа за финансиска полиција (прв мандат), Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Управа за финансиска полиција;
- **Август 2009 - Септември 2011:** Инспектор во Министерство за економија на Р Македонија, Инспекторат на пазарот;
- **Јануари 2009 - Август 2009**: Шеф на кабинетот на министер за животна средина и просторно планирање при Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија;
- **Ноември 2006 - Јануари 2008:** Помлад инспектор во Управна инспекција во Министерство за правда на РМакедонија;
- **Јули 2006 - Август 2006:** Помлад соработник во Влада на Р Македонија, Секретаријат за Европски прашања.

3. НАУЧНО - СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ и СЕРТИФИКАТИ:

1. Сертификат за учество на научно - стручна работилница на тема: „Градење на етички вредности во работењето - етиката меѓу идеалот и реалноста во работењето на компаниите", Европски универзитет Скопје, 14.05.2026;
2. Член на Бордот на OPEN GOV HUB - ALBANIA, Консултант, 2023;
3. Член на Бордот на ADVISORY BOARD - LACONICS, TIRANA, ALBANIA, Консултант, 2024;
4. Учество на 20-та Меѓународна Конференција за Анти - корупција (International Anti-corruption conference - IACC, Вашингтон Д.С. САД, по покана на Transparecy International, Secretariat to the IACC Council, 2022;
5. Студиски престој во Соединетите Американски Држави, преку IVLP програмата, по покана од Американската амбасада во РСМ и Стејт Департмент на САД, 2019;
6. Сертификат за положен нотарски испит од Министерството за правда, Септември 2015;
7. Сертификат за положен правосуден испит даден од Министерството за правда на Република Македонија, 2013;

8. Сертификат за положен правосуден испит даден од Министерството за правда на Република Македонија, 2013;
9. Сертификат за учество на Петтата политичка академија за социјална демократија, март - јули 2012 ;
10. Сертификат за учество на семинар „Човекови права“ на „Централноевропскиот универзитет“, Будимпешта, 3 -7 декември 2012;
11. Сертификат за одржување практични часови 2012 (месечно) во Рим во Италија - Гарди Ди Финанка, 2012;
12. Сертификат за учество во серија семинари за развој на капацитетите на млади политички актери, Февруари - Ноември 2011;
13. Сертификат за учество на семинар за Закон за управна постапка - Закон за административна инспекција - Закон за управни спорови - Дејствува прекршоци - Закон за постапување по жалби и предлози - Работа во канцеларија - Администрација во служба на граѓаните- јавни работи - Методологија, Министерството за правда на Македонија, 2010.

4. Список на објавени научни и стручни трудови:

1. **„ALGORITHMIC EVIDENCE IN CRIMINAL TRIALS: ADMISSIBILITY, EXPLAINABILITY, AND FAIR-TRIAL GUARANTEES”,** International Symposium On Law, Justice, And Emerging Global Challenges, Меѓународно стручно Списание – International Vision University, Gostivar, North Macedonia, January 21-23, 2025 (co-autor) https://congress.vision.edu.mk/isl2025/a20.html;

2. **„PRIVACY AND DIGITAL SURVEILLANCE IN CONTEMPORARY CONFLICTS: ASSESSING THE LEGALITY OF MASS DATA COLLECTION UNDER INTETIONAL LAW”,** 1st International Congress on Law and the Future of Global Justice, International Vision University, Gostivar, North Macedonia, 07.09.2025 (co-autor) https://congress.vision.edu.mk/icl2025/a4.html;

3. **„ARTIFICIAL INTELLIGENCE IN MIGRATION POLICIES: RISKS AND OPPORTUNITIES FROM AN INTERNATIONAL LAW AND HUMAN RIGHTS,** International

Symposium On Law, Justice, And Emerging Global Challenges , International Vision University Gostivar, N.Macedonia, 21-23. 01. 2025 https://congress.vision.edu.mk/isl2025/a13.html

4. **„INTEGRATION OR ASSIMILATION IN THE COUNTRY OF MIGRATION",** International Journal of Science and Arts „IDEA" , Publisher European University Skopje 2023, IDEA Int. J. Sci. Arts. 7 No.14., 2023 https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2023/12/IDEA-No.14.pdf;

5. **„Перење пари во банкарството",** International Journal of Science and Arts „IDEA", European University Skopje, Vol. 6 No.11, pp.57-65, 2022 (коавтор);

6. **„Правно регулирање на природни монополи",** International Journal of Science and Arts „IDEA", Vol. 6 No.11, pp. 67-75, Европски универзитет Скопје, 2022;

7. **„Analyzing Macedonian employees work motivation using The Herzberg's motivation-hygiene theory",** Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences, Vol. 5 No. 2, pp.42-50, Graz-Austria, 2019;

8. **„Entrepreneurship in the Macedonian business environment",** XV International May Conference on Strategic Management – IMCSM19, Vol. XV, Issue (1), pp. 227-238, Bor, Serbia, 2019.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основ на направената анализа на биографијата, професионалниот развој и остварувањата во стручната, високообразовната, наставно-научната, истражувачката и апликативната дејност, како и од самиот преглед на изработените, рецензирани и публикувани трудови на д-р Берат Дехари, Рецензентската комисија заклучи дека истиот има остварено забележителен стручен, наставен и научно-истражувачки развој.

Земајќи ги предвид горенаведените заклучоци, Рецензионата комисија смета дека кандидатот ги исполнува законските услови и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки, при Европскиот универзитет Скопје, **да го прифати овој Извештај и д-р Берат Дехари да го избере во наставно - научно звање: ДОЦЕНТ од научната област „Менаџмент и бизнис" (5.02.00.03 - Фраскатиева класификација).**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. **Професор д-р Елизабета Стамевска - претседател**

_____

2. **Професор д-р Снежана Христова - член**

_____

3. **Доцент д-р Ивона Милева – член**

_____